## За студиската програма

Новата студиска програма по Одделенска настава произлегува токму од потребата за современ пристап на студиите кон новите процеси на учење и нивно приспособување кон современите светски и европски текови и тенденции во областа на образованието за наставници во првиот циклус на основното образование, следејќи ги притоа сите иновативни зафативосферата на образованието што се преземаат од страна на Министерството за образование и наука и на другите релевантни институции во нашата земја. Измените и дополнувањата во оваа студиска програма се насочени кон потребата за еден поинаков, современ пристап во процесот на учење и усвојување на системски поврзани знаења што на студентите ќе им овозможи многу поцелосно и компаративно поврзување на теориското и практичното знаење со цел нивно побрзо вклопување во воспитно-образовниo тпроцес.

Студиската програма по Одделенска настава што ви ја претставуваме во продолжение е изработена во согласност со Европскиот кредит-трансферсистем (ЕКТС) и трае 4 години, односно 8 семестри во кои студентите треба да стекнат 240 кредити, по 30 кредити во секој семестар од студирањето. Наставата се изведува на македонски, на албански и на турски наставен јазик. Во согласност со чл.144 ст. 6 од ЗВО студентите припадници на заедниците кои не се мнозинство во РСМ, се должни да го изучуваат македонскиот јазик како наставен предмет. Во согласност со горенаведениот член, наставата по предметните програми Историја и Хигиена за студентите од наставната група на албански јазик се изведува на македонски јазик, а за студентите од наставната група на турски јазик, тој број е значително поголем поради недостиг на наставен кадар.

Во рамките на оваа студиска програма посебно внимание му се посветува на практичното оспособување на студентите, тргнувајќи од нашите заложби да продуцираме подготвен и компетентен одделенски наставник кој ќе биде спремен за успешно вклучување во воспитно-образовниот процес во училиштето, но и во другите воспитно-образовни институции. Токму затоа во оваа студиска програма се предвидени две задолжителни форми на практично оспособување на студентите: педагошка практика (се реализира во текот на пет семестри, нема статус на предмет, но носи задолжителни кредити затоа што етесно поврзана со остварувањето на целите на одделни предметни програми) и педагошки стаж (се реализира во текот на седмиот и осмиот семестар во соодветна институција (училиште) при што студентот најпрвин набљудува а потоа и реализира наставен час).

Ова практично оспособување на студентите се реализира во повеќе училишта партнери со кои имаме склучено договори и во нив целосно ни стојат на располагање искусни ментори што им ги пренесуваат тајните на оваа професија на идните наставници. Покрај со училиштата, блиска соработка оствaруваме и со Министерството за образование и наука, Бирото за развој на образованието, други надлежни институции, невладиниот сектор и др. Преку разни проекти и обуки се обидуваме да ги вклучиме и нашите студенти со цел да бидат во тек со сите новини што се спроведуваат во оваа област, но истовремено и да стекнат знаења што ќе им помогнат во создавањето на сопствениот профил на компетентен иден наставник за одделенска настава.

При оформувањето на концептот за новата студиска програма по Одделенска настава се водевме одосновата на постоечкиот профил кој веќе 75 години се гради на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“, како високообразовна институција низ која се профилираше најголем број од наставниот кадар што го градеше образованието во Република Северна Македонија, како и од современите концепти и тенденции за создавање програма заснована врз принципот на еднаква застапеност на повеќе програмски подрачја и научни дисциплини што се од голема важност за профлирањето на идниот одделенски наставник и за стекнувањето стручни компетенции од повеќе научни и образовни области.

Имајќи го предвид горенаведеното, основните цели на студиската програма по Одделенска настава се:

- Стекнување стручни компетенции од областа на воспитно-образованата работа што треба да ги поседува дипломираниот одделенски наставник за да може успешно да одговори на предизивикот на новите училишта во 21 век;

- Создавање можности за интегриран, холистички пристап во изучувањето на предметните содржини и за поврзување повеќе научни области што ќе им овозможи брзо и лесно вклопување во воспитно-образовниот процес;
- Создавање можности за поголема мобилност и размена на знаења и информации преку вклучување на студентите во различни форми на обуки и домени на стекнување компетенции во земјава и странство;
- Изнаоѓање можности за постојано усовршување на практичната настава и максимално поврзување на теориските и практичните знаења;
- прифаќање и усовршување на концептот за доживотно учење по пат на примена на стратегии за постојан личен и професионален развој.

Во сите фази од развојот на општеството и воминатото и денес, одделенскиот наставник ја има улогата на чинител и активен двигател на воспитно-образовниот процес, човекот фактор што има многу непосредно влијание врз развојот и оформувањето на младите поколенија како идни градители на новото општество и на сите процеси што се одвваат во него. Оттука произлегува и потребата за поседување високи професионални способности и вештини, развојни особини и вредносни потенцијали кои градејќи ја професионалната слика на одделенскиот наставник, всушност, ја градат личноста на ученикот и на идниот учесник во современите текови на општеството. Ваквата врска меѓу наставникот, ученикот и општеството успешно се гради веќе години на назад токму преку студиската програма по Одделенска настава и процесите на учење и спознавање кои опфаќаат различни домени и аспекти од воспитно-образовната дејност, како што се, на пример: следење и поддршка на развојот на учениците; постигнување на националните стандарди во однос на различни образовни подрачја; градење свест за себеси, своите постапки и своето место во општествената заедница; градење свест за почитување на другите, на различните, на светот околу себе итн.

Одделенски наставник може да врши дејност во низа воспитно-образовни институции и установи: основни училишта, државни институции и центри кои се занимаваат со воспитно-образовна проблематика, сектори за човечки ресурси во компании и фирми, итн.

## Општи дескриптори на квалификации

| Тип на дескриптор | Опис |
|---|---|
| Знаење и разбирање | ●Покажува знаења и разбирања за педагошката, социјалната и за културната димензија на воспитно-образовната/културно-образовната установа.<br>●Познава, разбира и разликува воспитно-образовни и функционални цели во реализирањето на дејноста на воспитно-образовната/културно-образовната установа.<br>●Ги познава основните карактеристики и структурата на образовниот систем на РСМакедонија.<br>●Познава, разбира и разликува основни законитости на воспитно-образовните влијанија.<br>●Познава и разбира нови факти, знаења и законитости поврзани со дејноста на воспитно-образовната/културно-образовната установа. |
| Примена на знаењето и разбирањето | • Оспособен е за академско читање и пишување, умее да ги применува нормите на правописот и правоговорот, умее да ја применува функционалната јазична писменост, ги препознава различните јазични стилови и е носител на јазичната норма на сите јазични рамништа.<br>• Применува јазична, математичка, медиумска, информациска и дигитална писменост.<br>• Применува современи воспитно-образовни техники и стратегии за работа во предучилиошни установи, основни училишта и библиотеки.<br>• Применува истражувачки методи, техники и инструменти во воспитно-образовнаат и културно образовната дејност.<br>• Следи, поврзува и селективно применува нови научни факти и искуства поврзани со воспитно-образовната и културно-образовната дејност. |
| Способност за проценка | • Умее да процени, да избире и да користи содржини и активности за поттикнување на етичките доживувања и вреднувања.<br>• Познава, прифаќа и селектира стратегии за поддршка на мултикултурните вредности, мултикултурната и религиската толеранција, јазичниот и конфесионалниот плурализам.<br>• Умее да избира и да користи содржини и активности за поттикнување на креативноста, |

| | |
|---|---|
| | на позитивни чувства кон уметничкото творештво и кон естетското вреднување.<br>• Ги проценува моделите на воспитно-образовната работа и културно-образовната работа. |
| Комуникациски вештини | • Умее да комуницира на стандардната јазична норма на службениот (македонски) јазик и на својот мајчин јазик.<br>• Ја познава и ја користи терминологијата што е карактеристична за професијата.<br>• Користи комуникациски техники и стратегии за одржување на позитивни интеракциски односи во насока на мотивирање за(само) развој и позитивни промени во воспитно-образовната и културно-образовната област.<br>• Воспоставува и одржува ефикасна микропедагошка клима во институцијата.<br>• Користи информатичко-компјутерска технологија во размена на информации од стручен карактер. |
| Вештини за учење | • Ја познава, ја разбира и ја прифаќа својата професионална улога во современото општество, ги знае компетенциите што треба да ги поседува и ја разбира потребата од континуиран професионален развој.<br>• Умее да наоѓа, да обработува, да користи и да разменува стручни и научни информации од својата област.<br>• Ја разбира и ја прифаќа потребата од доживотно учење и применува стратегии за личен и професионален развој.<br>• Умее да селектира и да користи информации во интерес на осовременувањето на воспитно-образовниот процес и културно-образовната дејност. |

## Специфични дескриптори на квалификации

| Тип на дескриптор | Опис |
|---|---|
| Знаење и разбирање | • Ги познава и ги разбира концепциската и структурната поставеност на основното воспитание и образование кај наси современите трендови во развојот на основното образование кај нас и во светски рамки.<br>• Ги познава и ги разбира современите воспитно-образовни системи, концепти и теории на наставата и ги разбира нивните научни основи.<br>• Ги познава целите на воспитанието и образованието, ги разбира нивното влијание и функционалност, прави разлика меѓу воспитни, образовни и функционални цели и ја поддржува нивната меѓузависност при реализирањето на воспитно-образовните содржини.<br>• Ги познава и ги разбира содржините на наставните предмети што ги предава (со содржините по тие предмети од периодот што следува непосредно во деветгодишното основно образование). |
| Примена на знаењето и разбирањето | • Ги познава развојните законитости и карактеристики на учениците и умее да применува воспитно-образовни и наставни стратегии сообразени со индивидуалните можности и способности на учениците.<br>• Ја применува јазичната, математичката, ликовната, музичката, медиумската и др. писмености на повеќе нивоа и е оспособен за препознавање на нејзиното влијание врз формирањето на личноста на учениците.<br>• Применува современи концепции за планирање, организирање и реализирањенаставен час во согласност со потребите на наставата и на учениците.<br>• Умее да применува современа образовна технологија во училишниот воспитно-образовен процес.<br>•Применува холистички пристап во воспитно-образовниот процес. |
| Способност за проценка | • Применува методи, техники и инструменти на следење и вреднување на наставните процеси и користи техники за самовреднување.<br>• Умее да врши избор на наставни стратегии и методски постапки соодветни на индивидуалните потреби на учениците.<br>• Умее да ги активира алатките за донесување самостојни судови и да им ги пренесе на своите ученици. |
| Комуникациски вештини | • Применува јазични, педагошки и др. постапки за кооперативна и за интерактивна комуникација во наставата и ги користи нив за развој на социјални и комуникациски вештини кај учениците (кооперативност, иницијативност, поддршка и сл.).<br>• Умее да спроведува современи стратегии за почитување на различностите меѓу учениците и модели за поттикнување на нивно меѓусебно прифаќање и толеранција.<br>• Користи комуникациски постапки и техники за позитивно насочување на социјалното поведение на учениците, препознава деструктивна комуникација и применува стратегии за следење и развој на кооперативни вештини кај учениците. |

| | |
|---|---|
| Вештини за учење | • Ја познава, ја разбира и ја прифаќа улогата на наставникот во современото училиште, ги знае компетенциите што треба да ги поседува и ја разбира потребата од континуиран професионален развој.<br>• Умее да управува со сопственото учење. |